**20242284019**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Во Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 34/24 и 185/24) во делот I став (2) во воведната реченица износот „350.000.000,00“ се заменува со износот „390.000.000,00“

Во табелата во мерката 1 износот „235.000.000,00“ се заменува со износот „275.000.000,00“

Во „Вкупно“ износот „350.000.000,00“ се заменува со износот „390.000.000,00“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „235.000,000,00“ се заменува со износот „275.000.000,00“.

Во табелата по подмерката 1.3. се додава нова подмерка 1.4. која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1.4. | Финансиска поддршка за произведена и продадена слива кај регистрирани откупувачи во период од 20 август 2024 година до 30 септември 2024 година | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање по подмерка 1.8. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година и оствареното производство на слива го имаат продадено кај регистрирани откупувачи во период од 20 август 2024 година до 30 септември 2024 година по цена не повисока од 9,90 денари по килограм, а се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2. Максимална количина на слива која е прифатлива за финансиска поддршка е 17.000 kg по пријавен хектар со слива по подмерка 1.8. „Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржувањена постоечки овошни насади“ од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година.<br>3. Со оваа подмерка не се опфаќаат количините на сливи кои откупувачите ги произвеле и откупиле од сопствени насади во период од 20 август 2024 година до 30 септември 2024 година.<br>4. Висината на финансиската поддршка изнесува 5 денари по килограм. |

“.

III

Во делот III по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.4. „Финансиска поддршка за произведена и продадена слива кај регистрирани откупувачи во период од 20 август 2024 година до 30 септември 2024 година“ од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за продадена слива кај регистриран откупувач во период од 20 август 2024 година до 30 септември 2024 година кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 15 ноември 2024 година.“.

IV

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10495/14
5 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.